УНИВЕРЗИТЕТ У ИСТОЧНОМ САРАЈЕВУ
ПРАВНИ ФАКУЛТЕТ

# ЗБОРНИК РАДОВА
## „ПРАВО, ТРАДИЦИЈА И ПРОМЈЕНЕ"
Том I

# COLLECTION OF PAPERS
## "Law, Tradition, and Changes"
Vol. I

Научни скуп поводом Дана Правног факултета
одржан је у организацији
Правног факултета Универзитета у Источном Сарајеву,
Међународног савеза правника, Москва, и
Српског удружења за кривичноправну теорију и праксу, Београд,
26. октобра 2019. год. на Палама

УДК 34(082) ISBN 978-99938-57-50-1

Источно Сарајево, 2020. год.

**ЗБОРНИК РАДОВА**
са
Научног скупа поводом Дана Правног факултета који је у организацији
Правног факултета Универзитета у Источном Сарајеву,
Међународног савеза правника, Москва, и
Српског удружења за кривичноправну теорију и праксу, Београд,
одржан 26. октобра 2019. год. на Палама, на тему:
„ПРАВО, ТРАДИЦИЈА И ПРОМЈЕНЕ“

**Издавач**
Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву
Алексе Шантића 3, 71420 Пале
тел. 00387 57 226 609 / факс 00387 57 226 892
*http://www.pravni.ues.rs.ba* / *dekanat@pravni.ues.rs.ba*

**За издавача**
Проф. др Горан Марковић, декан

**Уредник**
Доц. др Димитрије Ћеранић, продекан за научно-истраживачки рад

**Лектор и коректор за српски језик**
Проф. др Нина Милановић

**Лектор и коректор за енглески језик**
Мр Нинослава Радић, наставник страног језика

**Техничка припрема**
Марко Мастило, дипл. ек.
Доц. др Димитрије Ћеранић
Виши асс. мр Тијана Баћовић
Виши асс. мр Мирјана Пупић
Виши асс. Ивана Лазаревић, ма

**Штампа**
Графички студио „Dis Copy“
Пале

**Тираж**
150 примјерака

*Зборник радова*

ПРАВО, ТРАДИЦИЈА И ПРОМЈЕНЕ


**Научни одбор**

Проф. др Радомир В. Лукић, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, предсједник Научног одбора

Проф. др Миленко Крећа, Правни факултет Универзитета у Београду

Проф. др Зоран Стојановић, Правни факултет Универзитета у Београду

Академик проф. др Станко Бејатовић, члан Предсједништва Међународног савеза правника, Москва, предсједник Српског удружења за кривичноправу теорију и праксу, Београд, предсједник Управног одбора Института за криминолошка и социолошка истраживања, Београд

Проф. др Вид Јакулин, Правни факултет Универзитета у Љубљани

Проф. др Борче Давитковски, Правни факултет „Јустинијан Први“ Универзитета „Св. Кирил и Методиј“ у Скопљу

Проф. др Елена Геннадиевна Багреева / *Prof. dr Elena Gennadievna Bagreeva*, профессор Департамента правового регулирования экономической деятельности Финансового университета при Правительстве Российске Федерацие / *Professor of the Department of legal regulation of economic activity of the Financial University under the Government of the Russian Federation*, член исполкома Международного союза юристов / *a member of the Executive Committee of the International Union of lawyers*

Проф. др Драган Боланча, Правни факултет Свеучилишта у Сплиту

Проф. др Станка Стјепановић, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву;

Проф. др Борис Кривокапић, Пословни и правни факултет Универзитета „Унион – Никола Тесла“, Београд, Правни факултет Самарског националног универзитета „С. П. Корољов“, Самара, Руска Федерација

Проф. др Велимир Ракочевић, Правни факултет Универзитета Црне Горе у Подгорици

Проф. др Дарко Симовић, Криминалистичко полицијски универзитет, Београд

Проф. др Зоран Лончар, Правни факултет Универзитета у Новом Саду

Проф. др Горан Марковић, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву

Проф. др Туњица Петрашевић, Правни факултет Свеучилишта „Јосип Јурај Штросмајер“ у Осијеку

Проф. др Драган Гоцевски, Правни факултет „Јустињиан Први“ Универзитета „Св. Кирил и Методиј“ у Скопљу

Проф. др Златан Бегић, Правни факултет Универзитета у Тузли

Prof. dr Péter Mezei, *Faculty of Law, University of Szeged, Adjunct Professor (dosentti), University of Turku (Finland), Lecturer in Law, University of Toledo College of Law (USA), Visiting Professor, Université Jean Moulin Lyon III (France), Hungary*

**Организациони одбор**

Проф. др Горан Марковић, предсједник

Доц. др Димитрије Ћеранић

Доц. др Радислав Лале

Доц. др Сања Савић

Виши асистент Ђорђе Мариловић, мр

Виши асистент Ђорђе Перишић, мр

**Уредник**

Доц. др Димитрије Ћеранић

# РИЈЕЧ НА ПОЧЕТКУ

Зборник радова *Право, традиција и промјене* резултат је научног скупа који је под истим називом одржан на Правном факултету Универзитета у Источном Сарајеву, у Палама, октобра 2019. године. За овај скуп пријављено је 75 реферата, од 90 аутора и коаутора, из осам држава (Босне и Херцеговине, Србије, Словеније, Хрватске, Црне Горе, Сјеверне Македоније, Руске Федерације и САД). У раду скупа учествовало је више од 60 референата, а у овом зборнику у два тома објављујемо 45 реферата.

Научни скуп је организован осми пут поводом Дана Правног факултета, а у септембру 2019. године, Министарство за научнотехнолошки развој, високо образовање и информационо друштво Републике Српске категорисало га је као научни скуп са међународним учешћем, што је најбоље категорисан научни скуп који организује један факултет друштвених или хуманистичких наука у Републици Српској. Очекујемо да ће у октобру 2020. године, научни скуп бити категорисан као међународни научни скуп, чему ће свој допринос дати не само организатор скупа и приређивач овог зборника, него и сви учесници научног скупа и аутори реферата у овом зборнику.

Тема овог научног скупа врло је инспиративна, због тога што је правни систем један од најважнијих друштвених подсистема, који не уређује само већ постојеће односе, већ и доприноси развоју друштва, државе и унапређењу положаја појединца и друштвених група. Правне норме неријетко имају програмски карактер, јер доприносе друштвеним промјенама и напретку. Међутим, оне су и одраз постојећих друштвених односа и свијести. Стога, стално постоји напетост између онога што су дати друштвени односи, свијест и обрасци понашања, с једне стране, и друштвене промјене, које се догађају, или је друштво бременито њима, с друге стране. Право се на извјестан начин налази на раскораку између онога што јесте и онога што би требало да буде, што се огледа у правном уређивању како појединих института, тако и система у цјелини.

Радови које објављујемо у Зборнику потврђују на најбољи начин напријед написано. Аутори су уложили значајан научни напор да анализирају низ правних института, примјењујући различите методе, пружајући важна сазнања, идеје и информације. На овај начин, дат је значајан допринос научном развоју низа правних дисциплина, јер анализе и идеје које се могу прочитати и сазнати из ових радова несумњиво ће допринијети даљем развоју ових правних дисциплина, али ће, вјерујемо, бити корисни и онима који право стварају и примјењују.

У Палама, септембра 2020. године

ДЕКАН
Проф. др Горан Марковић

## INTRODUCTORY WORD

The Collection of papers *Law, Tradition, and Change* is the result of the scientific conference held under the same name at the Faculty of Law, University of East Sarajevo, in Pale, in October 2019. Seventy five papers were submitted for this conference, by 90 authors and co-authors, from eight countries (Bosnia and Herzegovina, Serbia, Slovenia, Croatia, Montenegro, Northern Macedonia, the Russian Federation, and the USA). More than 60 authors participated in the work of the conference, and in this collection we publish 45 papers in two volumes.

The scientific conference was organized for the eighth time on the occasion of the Day of the Faculty of Law, and in September 2019, the Ministry of Scientific and Technological Development, Higher Education and Information Society of Republika Srpska categorized it as a scientific conference with international participation, which is the best categorized scientific conference organized by any faculty of social or human sciences in the Republika Srpska. We expect that in October 2020, the scientific conference will be categorized as an international scientific conference, to which not only the organizer of the conference and the editor of this collection, but also all participants of the scientific conference and authors of papers in this collection will contribute.

The topic of this scientific conference is very inspiring, because the legal system is one of the most important social subsystems, which not only regulates existing relations, but also contributes to the development of society, the state and the improvement of the position of individuals and social groups. Legal norms often have a programmatic character, as they contribute to social change and progress. However, they are also a reflection of the existing social relations and consciousness. Therefore, there is a constant tension between established social relations, consciousness, and patterns of behavior, on the one hand, and social changes, which occur, or society is burdened with them, on the other. In a way, law is at a discrepancy between what it is and what it should be, which is reflected in the legal regulation of both particular institutes and the system as a whole.

The papers we publish in the Collection confirm in the best way what has been written above. The authors have made a significant scientific effort to analyze a number of legal institutes, applying different methods, providing important knowledge, ideas and information. In this way, a significant contribution was made to the scientific development of a number of legal disciplines, because analyzes and ideas that can be read and learned from these papers will undoubtedly contribute to the further development of these legal disciplines, but we believe they will be useful to those who create and apply law.

In Pale, September 2020.

DEAN
Associate Professor Goran Marković, LL.D.

Зборник радова „Право, традиција и промјене“, том I,
Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, 2020, стр. 1–428.
УДК 34(082) ISBN 978-99938-57-50-1

# САДРЖАЈ

Ријеч на почетку ........ XI

## ЈАВНОПРАВНА И ТЕОРИЈСКОПРАВНА ОБЛАСТ

*Проф. др Миленко Крећа*
ПРИНЦИП СУВЕРЕНИТЕТА И МЕЂУНАРОДНИ КРИВИЧНИ ТРИБУНАЛИ ЗА БИВШУ ЈУГОСЛАВИЈУ И РУАНДУ ........ 1

*Проф. др Родољуб Етински*
ЕВОЛУТИВНО ТУМАЧЕЊЕ МЕЂУНАРОДНИХ УГОВОРА ........ 27

*Академик проф. др Борис Кривокапић*
ПРОБЛЕМ ОДГОВОРНОСТИ ЗА РАТНЕ И ДРУГЕ ЗЛОЧИНЕ ПРИПАДНИКА МЕЂУНАРОДНИХ МИРОВНИХ СНАГА ........ 48

*Проф. др Миле Дмичић*
ПОДЈЕЛА НАДЛЕЖНОСТИ ИЗМЕЂУ ИНСТИТУЦИЈА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ И ЕНТИТЕТА, (НЕ)ОПРАВДАНОСТ ПРЕНОСА И МОГУЋНОСТ ЊИХОВОГ ПОВРАТА ........ 86

*Академик проф. др Елена Геннадиевна Багреева*
ПРАВОСОЗНАНИЕ КАК ОСНОВА СОВЕРШЕНСТВОВАНИЯ ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВА ........ 117

*Проф. др Мирјана Надаждин Дефтердаревић*
ЗНАЧАЈ ПРАВНЕ НОРМАТИВНОСТИ ЗА САДРЖАЈ ПРАВНОГ ИСКУСТВА ........ 124

*Проф. др Дарко Симовић*
ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗОВАЊЕ УСТАВНОГ ПРАВА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ – ПРОЦЕС КОМЕ СЕ (НЕ) ВИДИ КРАЈ ........ 144

*Проф. др Зоран Јовановић*
*Дејан Вучинић, докторанд*
СТРАНКЕ У УПРАВНОМ ПОСТУПКУ – ПОЗИТИВНО-ПРАВНИ АСПЕКТ СА ОСВРТОМ НА ПОЈЕДИНЕ ЗЕМЉЕ БИВШЕ СФРЈ ........ 161

Зборник радова „Право, традиција и промјене“, том I,
Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, 2020, стр. 1–428.
УДК 34(082) ISBN 978-99938-57-50-1

*Проф. др Марко Станковић*
ПРАВО НАРОДА НА САМООПРЕДЕЉЕЊЕ – УСТАВНОПРАВНИ И МЕЂУНАРОДНОПРАВНИ АСПЕКТИ ...............178

*Проф. Д-р Зоран Јовановски*
*Д-р Елена Иванова*
РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ СТЕРЕОТИПНА ФРАЗА ИЛИ ДЕМОКРАТСКО ПРАВО?..........193

*Проф. др Горан Марковић*
О СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКОМ БИКАМЕРАЛИЗМУ ...........................210

*Проф. др Џенета Омердић*
*Проф. др Борис Крешић*
ПРАВО НА СКЛАПАЊЕ ВЈЕРСКОГ БРАКА У БОСНИ И ХЕРЦЕГОВИНИ ..........235

*Проф. др Марина М. Симовић*
*Проф. др Миомира П. Костић*
РОДНА РАВНОПРАВНОСТ У ЈАВНИМ ПОЛИТИКАМА......................252

*Доц. др Сузана Димић*
ПОРЕСКА ОСЛОБОЂЕЊА ЗА ПОЧЕТНИКЕ У ПОСЛОВАЊУ У СРБИЈИ ..........271

*Доц. др Радислав Лале*
ПРЕСТАНАК РАДНОГ ОДНОСА НА ИНИЦИЈАТИВУ ПОСЛОДАВЦА.......... 282

*Доц. др Сања Крешталица*
ПРЕИСПИТИВАЊЕ ТРАДИЦИОНАЛНИХ СХВАТАЊА О МЕЂУНАРОДНОПРАВНОМ СУБЈЕКТИВИТЕТУ.................................. 327

*Виши асистент Ђорђе Мариловић, мр*
УТВРЂИВАЊЕ ПОРЕЗА И ПОКРЕТАЊЕ ПОРЕСКОГ ПОСТУПКА .... 349

Зборник радова „Право, традиција и промјене“, том I,
Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, 2020, стр. 1–428.
УДК 34(082) ISBN 978-99938-57-50-1

## ОСАМСТО ГОДИНА ЗАКОНОПРАВИЛА СВЕТОГ САВЕ И ИСТОРИЈСКОПРАВНА ОБЛАСТ

*Проф. др Станка Стјепановић*
ЗАКОНОПРАВИЛО СВЕТОГ САВЕ КАО СМЈЕРНИЦА САВРЕМЕНОМ ЗАКОНОДАВЦУ..........369

*Проф. др Самир Аличић*
СРПСКА РЕВОЛУЦИЈА (1804–1813) И АНТИЧКЕ ПРАВНЕ И ПОЛИТИЧКЕ ИДЕЈЕ..........385

*Доц. др Сања Савић*
ПРАВО У БОСНИ И ХЕРЦЕГОВИНИ ЗА ВРЕМЕ АУСТРОУГАРСКЕ ВЛАДАВИНЕ..........406

*Виши асистент мр Мирјана Пупић*
СТРУКТУРА И САДРЖАЈ КАСНОСРЕДЊОВЈЕКОВНИХ ДУБРОВАЧКИХ ТЕСТАМЕНАТА..........414

З. Јовановски, Е. Иванова, *Родовата рамноправност стереотипна фраза или...*, Зборник радова „Право, традиција и промјене“, Источно Сарајево 2020, стр. 193–209.

УДК/UDC 342.7-055.1/.2
305-055.1/.2
ИЗВОРНИ НАУЧНИ РАД / *ORIGINAL SCIENTIFIC ARTICLE*

*Проф. Д-р Зоран Јовановски*

Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје
Република Северна Македонија

*Д-р Елена Иванова*

Министерство за одбрана, Скопје
Република Северна Македонија

# РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ СТЕРЕОТИПНА ФРАЗА ИЛИ ДЕМОКРАТСКО ПРАВО?

*Нееднаквоста меѓу мажот и жената има долга традиција. Таа слика на поделеност која низ историјата се провлекуваше и не делуваше стабилизирачки за општеството. Борбата за рамноправност на жената била долга, а соперници во оваа борба за еднаквост и рамноправност биле патријархатот и традицијата.*

*Кон средината на минатиот век се јавува потреба оваа борба да се крене на нозе, а тоа се оствари преку интернационалната правна рамка на Организацијата на Обединетите нации за промовирање на родовата рамноправност. Со низа меѓународни акти се еволуираше во полза на жената, односно од една страна жените добија еднакви можности, а од друга страна се обезбеди чистење од традиционалните елементи. Рамноправноста не значи дека жените и мажите се исти или треба да станат исти, туку дека нивното уживање на правата, можностите и животните шанси не се ограничени или не зависат од тоа дали се родени како жена или маж. Имено, еднаквоста доведува до рамноправност. Треба да се истакне дека родовата еднаквост подразбира заложба за рамноправно општество, каде полот и родот нема да можат да го условуваат правото на човекот. Само стабилно општество е добро општество кое создава креативна почва за сите и кое овозможува прогрес, просперитет и иднина за сите свои припадници.*

Зоран Јовановски, *zoranjovanovski43@gmail.com*.
Елена Иванова, *percinkova@yahoo.com*.

*Во трудот ќе бидат прикажани достигнувањата во законодавството, судската пракса и измените во правната регулатива, кои со тек на време придонеле кон зајакнување на начелото на рамноправноста меѓу мажите и жените и нивната имплементација во земјите од Европската Унија. Во светски рамки, фактите по ова прашање говорат нешто сосема поразлично, каде постои стереотипизирање на културните, верските и традиционалните вредности. Па оттука и прашањето дали родовата рамноправност се перцепира како клише или стереотипна фраза или навистина е демократско право?*

**Клучни зборови:** Родова рамноправност; Еднаквост; Меѓународна правна рамка.

## 1. НАМЕСТО ВОВЕД

Низ историјата се бележи непропорционална поставеност на мажите и жените во сите општествени сфери и текови. Нееднаквиот третман на мажите и жените има долга традиција, односно таа непропорционалност се одразувала во лишување на правата на жените или во давање на специфични права кои не се својствени за мажите. Имено, борбата за рамноправност на жената е долга, бидејќи патријархатот и традицијата се третираат како ривали на борбата за еднаквост и рамноправност помеѓу мажите и жените.

Традицијата го прикажува мажот како заштитник, а жената и децата како заштитени. Од друга страна, рестрикција во социо економска улога на жената во општеството направи и поделбата на трудот. За илустрација, во раниот капитализам дефинициите за мажи и жени се приспособуваа на зголемената поделба помеѓу работата и домот. Платениот труд се поврзуваше со традиционалните конструкции „глава на семејството" и „домаќинка", со кои се дефинираа машкоста и женственоста. Ова водеше кон намалување на индивидуалноста и економската безбедност на жените.

Исто така, традиционалното сфаќање за способностите на жените дека се природно добри за водење на грижа за семејството, но и поседувањето на природниот мајчински инстинкт и негувателска способност, ја сместуваа жената во категоријата пониско платени професии. Верувањето дека жените имаат „вешти раце" и трпение за вршење на „поздодевни" работи ја направила жената да биде „покорна" работна сила, која влијае на можноста за поголема материјална состојба. Ова особено се бележи во земјите во развој и земји во кои поради истакнати културни и религиозни мотиви, барањата на жените за еднаков третман немаат место во концептот за човекови права и слободи.

Оваа диференцијација не делува стабилизирачки за едно општество и за постоење на еднакви можности во сите области. Па, оттука може да се заклучи дека едно општество е стабилно, доколку создава и овозможува простор и прогрес за сите членови, а со тоа иднина и просперитет за сите подеднакво.

Имено, родовата рамноправност подразбира праведно постапување со мажите и жените во согласност со нивните потреби. Оваа родова рамноправност побарува посебни мерки за да се изедначи (балансира) историската и социјалната нееквивалентност на жените и мажите.

Повредите на човековите права врз жената биле составен дел се до средината на XX век, од кога се бележи инкорпорирање на правата на жените во документите на Организацијата на Обединетите нации. Исто така, големо влијание извршиле меѓународните граѓански организации во 80 – тите години на минатиот век кои го критикувале постоечкиот концепт на човековите права и се фокусирале на развој на поинаков концепт во полза на жените. Вметнувањето на одредби за жените во меѓународните акти и конвенции на Европската Унија, ќе ја помрдне состојбата од првичната позиција. Со развојот на меѓународната регулатива во овој домен, се пристапи кон обврзување на многу држави да ги почитуваат правата на жените и да ги санкционираат повредите на истите. Со креирањето на интернационалната правна рамка на ООН и Европската Унијасе оствари промовирање на родовата рамноправност и еволуција во полза на жената, односно од една страна жените добија еднакви можности, а од друга страна се обезбеди чистење од традиционалните елементи, но не секаде подеднакво. Оттука, на светско ниво фактите зборуваат нешто поинаку за постигнато ниво на родовата рамноправност, особено во земјите каде постои стереотипизирање на вредностите (културни, верски и традиционални), односно општества кои се заснoваат на идејата на супериорност на мажите и инфериорност на жените.

## 2. РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Два правни документи кои можат да се сметаат за „револуционерни“ во заштитата на човековите права во меѓународен контекст се „Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот“ од 1789 година и „Повелбата за правата“, документ кој се содржи во првите десет амандани на Уставот на Соединетите Американски Држави, усвоен во 1791 година.

И покрај тоа што наведените документи претставуваат историски исчекор, сепак жените биле исклучувани од политичките и граѓанските пра-

ва, бидејќи човековите права важеле единствено за мажите. Но, средината на XIX – от век се карактеризира со поставување на постулатите, начелата и принципите за родова рамноправност помеѓу мажите и жените.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Прв акт кој го третира прашањето на еднаквоста е Повелбата на Организацијата на Обединетите нации од 1945 година, која ги поставува насоките за изградба на меѓународниот систем за заштита на човековите права.

Повелбата поттикнува на еднаквост и почитување на човековите права и затоа е значајна. Членот 1 став 3 ја содржи меѓународната соработка преку почитување на човековите права без оглед на раса, пол, јазик или вера. Ова е првата одредба која ја воспоставува еднаквоста, но претставува основа за градење на меѓународниот систем на еднаквост и недискриминација. Имено, Повелбата на ООН ја возобнови вербата во фундаменталните човекови права, во еднаквите права за мажите и жените.

*Универзалната декларација за човекови права од 1948 година прокламира дека „секој стекнува право на сите права и слободи наведени во оваа Декларација без разлика од кој било вид, на пример раса, боја, пол...“ Во членот 2 е нормирана универзалната еднаквост во користењето и уживањето на човековите права насекаде во светот, без разлика на раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање или друг статус. Особено важен е членот 7 бидејќи предвидува еднаквост на сите луѓе пред законот и еднаква заштита. Ова само по себе има големо значење во насока на воспоставување на рамноправност и еднаквост помеѓу мажите и жените во рамките на законодавствата на државите.*[1]

Рамката за основните граѓански и политички права на човекот ја поставува Меѓународниот пакт за граѓански и политички права со неговото донесување во 1966 година. Од аспект на заштита и забрана на дискриминацијата врз основа на пол, членот 2 промовира начело на еднаквост во смисла на почитување на сите права од Пактот на граѓаните од државите потписнички, притоа, без правење на разлика по истите основи како во Универзалната декларација.

Членот 3 е особено значаен во воспоставувањето на систем на полова еднаквост меѓу мажите и жените во уживањето на сите граѓански и политички права, а предвидени со Пактот, со што повторно има ак-

[1] *http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/*, 10.12.2019.

цесоарна примена на овој член. Членот 26 пропишува дека еднаквоста се однесува на сите лица пред законот и заштита без дискриминација треба да биде апликативно за законодавствата на државите.[2]

Пресвртница се случува во 1975 година со одржување на Првата светска конференција на Организацијата на Обединетите Нации за жените во Мексико Сити, Мексико. Оваа конференција го означи почетокот на „Деценијата на жените на ООН“ (1976 – 1985). Конференцијата во Мексико беше прва од серијата официјални меѓувладини конференции за жените под спонзорство на ООН.

Во светски рамки, во периодот на деценијата на жените на ООН, жените почнаа помасовно да се организирааат и да ги ставаат прашањата на жените на агендата на ООН. Имено, невладините организации ширум светот многу направија за подобрување на позицијата на жените во општествениот живот. Тие засилени активности на полето на правата на жените се причина за одржувањето на Втората светска конференција за жените на ООН во Копенхаген, Данска во 1980 година и на Конференцијата на ООН за преглед и проценка на постигнувањата за време на Деценијата на жените на ООН во Најроби, Кенија во 1985 година.[3] Сите овие конференции говорат за притисокот на женското движење за признавање на правата на жените како човекови права. За тоа говори и податокот за посетеноста на овие конференции, кој од 5000 присутни жени во Мексико Сити во 1975 година, во Пекинг во 1995 година достигнал околу 25 000 жени.[4]

Важен исчекор е документот на ООН од 1979 година – Меѓународна конвенција за елиминација на дискриминацијата против жените (CEDAW) која ги разработува принципите и начелата вградени во Универзалната декларација за човекови права, преку опсегот на оние специфични области каде има полова дискриминација.[5] Целта на оваа Конвенција е да се постигне рамноправност меѓу мажите и жените во сите сфери на општеството и да се промовира културата на еднаквост и рамноправност. Конвенцијата се стреми кон промена на традиционалните сфаќања за жените во општеството и нивната културна, образовна и економска еманципација. Оваа Конвенција наидува на одредена резервираност од страна на државите договорни страни во насока што

[2] *http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx*, 10.12.2019.

[3] Светски конференции посветени на жената, достапно на *http://www.unwomen.org/en/how-we-work/intergovernmental-support/world-conferences-on-women*, 10.12.2019.

[4] J. Jaquette, “Feminism and the Challenges of the Post Cold War World”, *International Feminist Jornal of Politics* 2003, 336.

[5] Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW), достапна на *https://www.ohchr.org/documents/professionalinterest/cedaw.pdf*, 10.12.2019.

одредени членови излегуваат целосно од јавната сфера и навлегува во приватната сфера на индивидуата. Во некои аспекти поттикнува целосна промена на обичаите, практиките, но и предрасудите, па не случајно во одредени општества не е прифатена и има негативен оглас. Комитетот формиран со Конвенцијата укажува дека стереотипите и предрасудите кај традиционалните ставови за потчинетоста на жената во однос на мажот предизвикуваат негативни практики кои имплицираат физичко и семејно насилство врз жените, присилни бракови, обрежување на женските генитални органи и слично. Ова особено се истакнува како проблем во одредени религиски системи и групи.

Одржувањето на Четвртата конференција за жените на ООН во Пекинг, НР Кина во септември 1995 година е особено значајно, бидејќи беше донесена Пекиншката декларација и Платформата за акција. Со нивното прифаќањето, меѓународната заедница се обврза за подобрување на статусот на жените и нивно зајакнување во повеќе области на јавниот и во приватниот живот. [6]

Во 2000 година на Милениумскиот Самит на Обединетите нации по донесувањето на Милениумската декларација на Обединетите нации, беа дефинирани осум меѓународни развојни цели. Трета од милениумските развојни цели беше и промовирањето на родовата еднаквост и зајакнување на жените, вклучувајќи и еднаков пристап до основно образование помеѓу девојки и момчиња. И покрај тоа што овие развојни цели требаше да бидат постигнати до 2015 година, сепак во многу делови од светот многу жени и девојки беа изложувани на насилство и дискриминација.[7]

Советот за безбедноста при ООН ја донесе Резолуцијата 1325 (Жени, мир и безбедност) во 2000 година, која заедно со последователните 8 (осум) Резолуции 1820 (2008), 1888 (2009), 1889 (2009), 1960 (2010), 2106 (2013), 2122 (2013), 2242 (2015), и 2467 (2019) се промовираше идејата за лидерство на жените во создавањето мир и спречувањето на конфликти, како и превенција и одговор на сексуално насилство во вооружените конфликти.

Во септември 2015 година, владите на државите членки во ООН се обединија зад исклучително амбициозната агенда која има нови 17 цели за одржлив развој и 169 цели кои имаат за цел крај на сиромашти-

---

[6] Областите се однесуваат на жените и на сиромаштијата, образованието, жените и здравјето, насилството, жените во вооружените конфликти, жените и економијата, жените и моќта и учеството во процесите на донесување на одлуки, институционалните механизми за зајакнување на жените, жените и човековите права, жените и медиумите, жените и животната средина и грижата за женските деца.

[7] Цели за одржлив развој, ООН, достапни на *http://www.unwomen.org/en/about-us/guiding-documents#sthash.8LVTxVPE.dpuf*, 10.12.2019.

јата, борба против нееднаквостите и промовирањето просперитет, при тоа заштитувајќи ја животната средина до 2030 година. Овие цели се следбеници на милениумските развојни цели.[8]

Голем развој се бележи со креирањето на Стратешкиот план на жените на ООН, 2018-2021 година, кој ги истакнува стратешките насоки, цели и пристапи на жените на ООН за поддршка на напорите за постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња. Овој план ја поддржува имплементацијата на Декларацијата во Пекинг и Платформата за акција и придонесува за родово одговорно спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030 година.[9]

Агендата за одржлив развој 2030 на ООН претставува глобален план за одржлив развој и акција кој се надоврзува на Милениумските развојни цели и се стреми „да ги искорени сиромаштијата и гладта; да им се спротивстави на нееднаквостите во и меѓу земјите; да изгради правични и инклузивни општества; да ги штити човековите права и да промовира родова еднаквост и зајакнување на жените и девојките; и да осигури долготрајна заштита на планетата и нејзините природни ресурси“.[10] Оваа агенда е заснована на три столба за одржлив развој: економски развој, социјален развој и развој на животната средина, и вклучува 16 цели, 169 задачи и 231 индикатор.[11] Во Агендата е инкорпориран принципот „никој да не е изоставен“, што всушност, подразбира податоци потребни за следење на прогресот и на успесите на државите да бидат разделени на што е можно повеќе основи, вклучувајќи пол, возраст, раса, попреченост, приход, етничка припадност, статус на мигрантите, но и на други релевантни обележја карактеристични за секоја од државите посебно.

## 4. ЕВРОПСКА УНИЈА

Родовата рамноправност е една од целите на Европската Унија. Законодавството, судската пракса и измените на Договорите и меѓународните акти со текот на времето придонеле за зајакнување на ова начело и негова имплементација во Унијата. Европскиот парламент особено го афирмира начелото на рамноправност на мажите и жените.

[8] *Ibid.*

[9] *Ibid*.

[10] Резолуција усвоена на Генералното собрание на ООН на 25 септември 2015 година, достапна на: *https://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/70/1&Lang=E*, 10.12.2019.

[11] За следење на имплементацијата на Агендата, Комисијата за статистика на ООН, во широко партиципативен процес, разви сеопфатен сет индикатори преку кои ќе се следи прогресот на државите во однос на поставените цели и задачи на Целите за одржлив развој.

Имено, Европската Унија има обврска во своето функционирање да ја избегнува нееднаквоста и да ја промовира рамноправноста помеѓу мажите и жените (т.е водење и креирање на родово свесна политика). Така, на пример начелото да мажите и жените добиваат еднаква плата за еднаква работа и труд е содржано во Договорот за воспоставување на Европската економска заедница од 1957 година, кој вклучи одредба за родова дискриминација, односно, го инкорпорираше начелото на еднаква плата на мажите и жените за еднаква работа (денес во член 157 од Договорот за функционирање на Европската унија). Во таа насока се афирмираше принципот на еднаквите можности и еднаквото постапување кон мажите и жените.[12]

Од денешен аспект, законодавството на ЕУ опфаќа голем број на усвоени директиви кои ја регулираат материјата во врска со родовата рамноправност.[13] Поконкретно, директивите се имплементираат на начин на кој земјата членка ќе избере меѓутоа почитувајќи три типични пристапи кон родовите прашања во рамките на политиката за родова рамноправност: еднаков третман, позитивна акција и интегрирање на родовата перспектива во главните општествени текови.

Европската комисија во 2010 година ја усвои Женската повелба со цел поуспешна промоција на рамноправноста на жените и мажите во Европа и Светот. [14] Во насока на унапредување на родовата рамноправност, Европската Унијапрезема мерки во областа на финансирањето односно со т.н Повеќегодишна финансиска рамка (2014-2020) и Програмата за правата, еднаквоста и граѓанството, со кои се финансираат проекти за остварување на рамноправноста на половите и искоренување на насилството над жените.[15] Во 2015 година Комисијата објавила документ „Стратешко делување за рамноправност на половите за периодот 2016–2019 година, како продолжение на Стратегијата за рамноправност на мажите и жените 2010–2015 година.

Да не се занемари и фактот дека Европската Унија има акциски план за родовата рамноправност за периодот 2016–2020, притоа нагласувајќи ја потребата за остварување на потполно и рамноправно уживање на сите човекови права и темелни слободи на жените и девојчињата и зајакнување на нивната положба.

[12] Во 1975 година е усвоена Директива за еднакви плати (75/117/EEC – OJ L45, 19. 02. 1975 год.), достапно на *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A31975L0117*, 10.12.2019.

[13] ЕУ директиви за родова еднаквост и недискриминација, достапно на: *http://www.equalitylaw.eu/legal-developments/16-law/76-key-eu-directives-in-gender-equality-and-non-discrimination*, 10.12.2019.

14 Женска повелба, достапно на: *http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=URISERV:em0033*, 10.12.2019.

[15] Програма за правата, еднаквоста и граѓанството, достапна на: *https://ec.europa.eu/justice/grants1/programmes-2014-2020/rec/index_en.htm*, 10.12.2019.

Она што преставува правно обврзувачки меѓународен инструмент за спречување и борба против насилство над жените и девојчињата на меѓународно ниво е Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против против насилство над жените и девојчињата – Истанбулската конвенција.[16] Со оваа конвенција се воспостави сеопфатна рамка за правни и политички мерки за спречување на таквото насилство, давање потпора на жртвите и казнување на сторителите. Потпишана е од сите држави членки на Европската унија, а до март 2018 година ја имаат ратификувано 17 држави членки. Конвенцијата, исто така воспоставува посебен механизам за мониторинг («GREVIO») со цел да се обезбеди ефикасно спроведување на одредбите од страна на Договорните страни.

## 5. ФАКТИ ЗА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ГЛОБАЛНО НИВО

Принципот на рамноправност не подразбира дека жените и мажите се исти или дека треба да станат исти, туку уживањето на правата, можностите и животните шанси не се ограничуваат или да не зависат од тоа дали се родени како жена или маж. Еднаквоста доведува до рамноправност и следствено на тоа родовата еднаквост подразбира заложба за рамноправно општество, во кое полот и родот нема да го условуваат правото на човекот.

Од друга страна, родовата еднаквост не само што е важно прашање во однос на заштита и обезбедување на човековите права, туку претставува неопходен услов за развој на општеството во целина, преку што ќе се овозможи унапредување, односно зајакнување на лидерството на сите нивоа на управување, зголемување на моралот и етиката на сите членови во заедницата. Во таа насока потребно е инкорпорирање на родовата перспектива во процесот на проценка на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Потребно е интегрирање на родова димензија во подготовката, имплементацијата, следењето и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, на начин на кој жените и мажите би имале еднакви придобивки. Крајна цел е постигнување родова еднаквост.

Во врска со ова, во последната декада се бележи голема промена на фокусот на водење на родово разделена статистика, односно од статистики само за жени во статистики за жени и мажи. Наведеното е особено зна-

[16] *Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство*, Council of Europe, достапна на *https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168046031c*, 10.12.2019.

чајно за компарација со мажите, со посебен акцент на разликите, од што ќе произлезе и соодветен опис и анализа на женската положба. Потребата од унапредување на статистиките за мажите (особено за откривање на факторите кои влијаат на мажите како на пр. ризично однесување, насилство и сл.) ќе го променат процесот на донесувањето на одлуки и вклученоста на жените на сите нивоа и во сите процеси. Како дополнение на тоа, доколку се влијае на промена во политичката волја се повеќе ќе се даде внимание на улогите, обврските и меѓусебните односи меѓу мажите и жените со цел да се унапреди ефективноста на севкупното делување.

Во однос на родовата еднаквост во контекст на Агендата за одржлив развој 2030, а согласно анализата од извештајот на UN WOMEN за 2018 година се заклучува дека:

1. Во 89 земји, сиромашни жени и девојчиња се 330 милиони, што значи дека 4 жени живеат со помалку од 1,90 УСД на ден на секој 100 – ти маж. Родовиот јаз е особено изразен за време на репродуктивните години.
2. Повеќе од 50 % од урбаните жени и девојчиња во земјите во развој живеат во услови во кои им недостасува барем едно од следниве: пристап до чиста вода, соодветни санитарни јазли, трајно домување и соодветна површина за живеење.
3. Елиминирањето на сите форми на насилство врз жени и девојчиња е предуслов за мирнодобни општества, но сепак 1 од 5 жени на возраст под 50 години доживеале физичко и / или сексуално насилство од интимниот партнер во изминатите 12 месеци.
4. Помеѓу 2010 и 2015 година, светот изгубил 3,3 милиони хектари шумски области. Сиромашните рурални жени зависат од обичните ресурси и се погодени од нивното осиромашување итн.[17]

Ако се земе поврзаноста на економскиот развој со родовата рамноправност и еднаквост, со сигурност може да констатираме дека истото се квалификува како критична точка. Во рамки на истражувањето во Студијата на Светска банка „Жени, работа и закони 2019: Деценија на реформи", податоците покажуваат дека движењата за женските права најмногу допринеле за остварениот напредок. [18] Но, важно е да се истак-

[17] Родовата еднаквост во Агендата за одржлив развој 2030 (АОР), достапно на: *https://www.unwomen.org/en/news/stories/2018/2/press-release-launch-of-sdg-monitoring-report-gender-equality-in-the-2030-agenda, https://www.unwomen.org/en/digital-library/sdg-report*, 10.12.2019.

[18] *Women, Business and the Law 2019, A Decade of Reform*, World Bank Group, Washington DC, 2019. Истражувањето траело 10 години, а опфатило 187 земја. Рамноправноста се мерела со бодување, пришто 100 бодови укажувале на највисоко ниво на рамноправност. Проучувани се индикатори за слобода на движење и остварување на право на пензија, кои влијаат на професоналните одлуки на жените.

не фактот дека законската рамноправност не ја гарантира рамноправноста во пракса, што значи дека простор за напредок и понатаму има.

За последните 10 години, како што се наведува во Студијата на Светска банка, во Европа и Централна Азија се спроведени 47 реформи, најголемиот дел во областа на пензионирањето.[19] Индексот на родовата рамноправност пораснал од 80,13 на 84,70 за период од 2009 до 2018 година.[20]Девет земји во Европа ја изедначиле старосната граница за заминување во пензија на мажите и жените.( Албанија, Азербеџан, Бугарија, Хрватска, Казахстан, Молдавија, Црна Гора, Србија и Украина,).[21]

Во извештајот на Светска банка се наведува дека родовата рамноправност не е краткотраен процес, туку дека е потребна политичка волја и заедничка работа на власта, цивилното општество и меѓународните организации, а дека законските и регулаторните реформи се само првиот чекор.

Покрај остварениот напредок, во истражувањето се заклучува дека жените во многу делови од светот и понатаму се соочуваат со дискриминаторски закони и прописи во разни фази на работниот век. Во 56 земји не се спроведени никакви реформи за зголемување на еднаквоста на жените во овој десетгодишен период.[22]

Единствено 6 (шест) земји добиле највисоки оценки – Белгија, Данска, Франција, Летонија, Луксембург и Шведска, за кои може да се констатира дека мажите и жените се потполно рамноправни во сите области. Во изминатата деценија единствено овие држави ја инкорпорирале родовата рамноправност во законите. Претходно наведените земји освоиле 100 бода, а пред 10 години тоа не го остварила ниту една земја.

Следни со 97,5 бодови влегуваат Австрија, Канада, Естонија, Финска, Грција, Португалија, Шпанија и Обединетото Кралство.[23]

На крајот од листата се наоѓаат (помалку од 30 бодови) Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати и Судан. Земјите на Блискиот исток и Северна Африка оствариле просек од 47,37 бодови.[24] Овие земји најмногу заостануваат во однос на родовата рамноправност. Најниско ниво бележи Јемен. Истражувањето покажало дека Камерон (како една од многуте држави во субсахарска Африка) има најголем процент на жени и девојчиња, додека Филипините се бележи како една од најголемите престапници меѓу земјите од Југоисточна Азија.

[19] *Ibid.*, 13.

[20] *Ibid.*, 10.

[21] *Ibid.*, 13.

[22] *Ibid*.

[23] *Ibid.*, 9.

[24] *Ibid*.

Пакистан, Иран, Јордан, Гвинеја, Либан, Бангладеш, Ирак и Авганистан се меѓу земјите кои стагнираат или назадуваат кога станува збор за рамноправноста на жените и мажите.

Напредокот во областа на родовата рамноправност генерално е далеку поспор процес отколку се очекувало ширум светот. Во многу држави сеуште мажот се признава како единствена глава на семејството и им се наложува на жените да бараат дозвола од својот сопруг или законски старател (брат или татко) за да работат или да поседуваат документ за патување.

Од 2012 година се забележува дека родовиот јаз помеѓу жените и мажите споро се намалува, а глобалните организации апелираат/предупредуваат дека за достигнувањето на еднаквоста помеѓу жените и мажите на економски план е потребно 2 века, а за затварање на јазот во родовата рамноправост во целина повеќе од 100 години.

Од земјите од опкружувањето по индексот на родовата рамноправост Србија е на 38-то место, Словенија на 11-то место, Бугарија на 18-то, Албанија на 34-то, Хрватска на 59-то, БиХ на 62-ро, Северна Македонија на 66-то и Црна Гора на 69-то место.[25]

Во 2018 година родовиот јаз е благо намален, и тоа е забележано во 89 од 144 земји опфатени во истражувањето 2018 и 2017.[26]

Согласно истражувањето на Светскиот економски форум, во постигнувањето на родовата еднаквост првото место и е доделено на Исланд, каде родовиот јаз е надминат дури за 85 %. По Исланд следуваат Норвешка (83,5 %), а потоа Шведска и Финска (82,2 %). Во рангирањето, во првите десет се сместува и една латиноамериканска земја (Никарагва, на 5-то место), две африкански субсахарски земји (Руанда како 6-та земја и Намибија го има 10-тото место), земја од Источна Азија (Филипини е 8-та рангирана земја). Првите десет места ги комплетираат Нов Зеланд, на 7 место и Ирска на 9-тото место.[27]

Во однос на вклученост на жените во политиката само 17 земји на чело на државите имаат жени, а само 18 % министри и 24 % амбасадори во светот се жени.[28] Овој индекс на родовата рамноправност е работен врз основа на 4 критериуми: економска рамноправност, рамноправност во областа на здравјето, во доменот на образованието и застапеноста на жената во политиката.

[25] The Global Gender Gap Report 2018, достапно на *http://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2018.pdf, 16*, 10.12.2019.

[26] *Ibid.*, 7.

[27] *Ibid.*, 10.

[28] *Ibid.*, 9.

Споменатите податоци укажуваат на несразмерно влијание на автоматизацијата на работите кои традиционално ги извршуваат жени, како и недостатокот на општествената поддршка за нивно враќање на пазарот на трудот. Исто така, забележително е дека жените и понатаму се недоволно претставени во секторот на дигитална револуција, и областите засновани на наука, технологија, инженерија, математички вештини и знаење.

Согласно истражувањето на Светска банка во периодот од 2008 до 2017 година биле опфатени 131 економија и спроведени 274 реформи за родовата еднаквост преку осум индикатори.[29] На глобално ниво, просечните оценки пораснале од 70 бодови од 2008 година на 75 бодови во 2017 година. [30] Од 39 земји со оценка 90 и повеќе, 26 од нив се со високи приходи. Осум земји меѓу кои и Велика Британија, се од Европа и Централна Азија, две се од Латинска Америка и карипската групација – Парагвај и Перу.[31]

Она што е видливо е дека Јужна Азија бележи најголемо зголемување во регионалната оцена со забележителни 58,63, што е за 50 бода повеќе од истражувањето пред десет години. Субсахарска Африка бележи скок од 64.04 на 69.63 бодови за истиот период, и тоа пред се благодарение на напредокот на Маурициус.[32] Половина од промените се поврзани за бракот и работата. Само ¾ жени во светот остваруваат законски права кои ги имаат и мажите што значајно ги ограничуваат нивните можности за добивање или започнување на бизнис, работа и носење на економски одлуки, се констатира во најновиот индекс на Светска банка.

Во насока на признавање на важноста на процесот на промени и напредокот во родовата рамноправност е излагањето на Кристалина Георгиева (привремената претседателка на Светска банка), која е иницијатор за изработка на извештајот и која заклучува дека „родовата рамноправност е клучна компонента за економскиот раст“. Притоа констатира дека „Жените ја сочинуваат половината од светската популација и имаме право да ја одиграме улогата во создавање на попросперитетен свет. Но, во тоа нема да може да успееме ако не спречуваат законите. Иако вкупниот извештај укажува на севкупен напредок, останува уште многу да биде сторено за да се изедначи положбата на жените и мажите во светот“.[33] Оваа силна пора-

[29] Индикаторите се: место на движење, платен труд, број на деца, управување со средства, започнување со работа, стапување на брак, водење на бизнис и пензионирање - Women, Business and..., 10.

[30] *Ibid.*

[31] *Ibid.*, 9.

[32] *Ibid.*, 11, 12.

[33] Интервјуто е од месец март 2019 година, неколку дена по издавањето на Извештајот

ка ја покрепува со уште поцврста препорака, која гласи дека: „Кога жените би имале еднакви можности како мажите да го остварат својот полн потенцијал, светот не би бил само поправеден, туку и попросперитетен. Промените се случуваат, но не доволно брзо. Моментално 2,7 милијарди жени уште немаат законска можност на ист избор на работа како мажите“.[34]

## 6. ЗАКЛУЧОК

Правото на Европската Унија и Организацијата на Обединетите Нации ја воспоставува родовата рамноправност и еднаквост и навистина тежнее кон тоа, но истото во голем дел не се почитува или не е обврзувачко. Дека тоа навистина се случува, доказ се поинаков заклучок. Како и да е, успехот во подигнување на родовата рамноправност на глобално ниво зависи од политичката волја и националните регулативи на глобално и на национално ниво. Постои голем родов јаз на работното место, на лидерските позиции, и во областите како што се наука, технологија, инженерство, математика итн. Постојат многу разлики во перцепцијата за причините за родовиот јаз, но и за реалното присуство на јазот помеѓу родовите. Но, од друга страна постои широк консензус дека, иако жените се нешто помалку од 50 % од вкупната популација, истовремено се и помалку од 50 % во многу општествени процеси и текови, а од друга страна во многу од нив има поголема застапеност на жените. Тоа е резултат на различните потреби и животни услови, нееднаквиот пристап и контрола на моќта, ресурсите, институциите. Состојбите на жените и мажите се разликуваат во зависност од земјата на живеење, регионот, возраста, етничкото или социјалното потекло и статус. Како поткрепа на ова, ќе ја истакнеме максимата искажана од Симон Де Бовоар, писателка и филозоф која успеа низ една едноставна, но строга реченица да го посочи статусот на жената во општеството, а тоа е дека „Жената не се раѓа како жена, таа станува тоа“.[35]Оваа мисла е навидум едноставна, но строга реченица со која се посочува статусот на жената во општеството наспроти перцепциите и практиките за деинклузија на родовата еднаквост и поставеност во нормативната структура на општествениот систем на глобално ниво.

Согласно горенаведеното, а со цел намалување на родовиот јаз и постигнување на родова рамноправност ги даваме следните препораки:

1. Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики (*Gender mainstreaming*). Ова претставува интегри-

од Светска банка *https://www.theguardian.com/global-development/2019/mar/01/only-six-countries-in-the-world-give-women-and-men-equal-legal-rights*, 10.12.2019.

[34] *Ibid.*

[35] S. de Beauvoir, *Drugi spol*, Naklada Ljevak, Zagreb 2016, 287.

рање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, а притоа имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Ова побарува проценка на влијанието на политиките врз животот и местото на жената и мажот и преземање одговорност истите да се адресираат со создавање простор за секого, од ниво на семејната заедница, до ниво на пошироката заедница. Потребно е да поткрене процес на градење заедничка и прифатлива визија за постигнување на одржлив развој, притоа преточувајќи ги тие политики во реалност. Сето тоа е остварливо со високо ниво на политичка волја, посветеност и разбирање во сите структури и сфери во општеството;

2. Инкорпорирање на родовата перспектива особено во образовниот процес, како и надополнување на недостатокот на едукација во училиштата на начин на кој родовите прашања експлицитно ќе се третираат како правило. На глобално ниво, тоа би значело и балансирање со различни верувања и обичаи поврзани со однесувањето на сите членови на едно општество;
3. Еднакви можности за вработување и алокација на средства кои имаат родов импакт;
4. Балансирано учество на жените и мажите во процесот на одлучување и еднаква застапеност во политичкиот живот;
5. Заштита на достоинството и интегритетот на жените и мажите во приватниот живот и на работното место, вклучувајќи ја националната регулатива и правила за постапување и спречување, заштита од секаков вид на вознемирување и насилство;
6. Следење на резултатите и ефективноста од спроведувањето на предвидените политики и програми, со цел превземање на соодветни мерки за следни чекори.

## ЛИСТА РЕФЕРЕНЦИ

### Користена литература

1. Jaquette, Jane, “Feminism and the Challenges of the Post Cold War World”, *International Feminist Jornal of Politics* 2003;
2. Simone de Beauvoir, *Drugi spol*, Naklada Ljevak, Zagreb 2016;
3. *Women, Business and the Law 2019, A Decade of Reform*, World Bank Group, Washington DC 2019.

## Електронски извори


1. *https://ec.europa.eu/justice/grants1/programmes-2014-2020/rec/index_en.htm - Програма за правата, еднаквоста и граѓанството;*
2. *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A31975L0117 - Директива за еднакви плати (75/117/EEC – OJ L45, 19.2.1975 година);*
3. *http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=URISERV:em0033– Женска повелба за унапредување на еднаквоста на жените и мажите;*
4. *http://www.equalitylaw.eu/legal-developments/16-law/76-key-eu-directives-in-gender-equality-and-non-discrimination - ЕУ Директиви за родова еднаквост и недискриминација;*
5. *http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx - Меѓународен пакт за граѓански и политички права;*
6. *https://www.ohchr.org/documents/professionalinterest/cedaw.pdf - Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW);*
7. *https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168046031c - Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство;*
8. *https://www.theguardian.com/global-development/2019/mar/01/only-six-countries-in-the-world-give-women-and-men-equal-legal-rights - интервју на Кристалина Георгиева;*
9. *http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/ - Универзалната декларација за човекови права;*
10. *https://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/RES/70/1&Lang=E – Резолуција усвоена на Генералното собрание на ООН, 25.09.2015 година;*
11. *http://www.unwomen.org/en/how-we-work/intergovernmental-support/world-conferences-on-women - Светски конференции на ООН;*
12. *http://www.unwomen.org/en/about-us/guiding-documents#sthash.8LVTxVPE.dpuf – Милениумска декларација на ООН;*
13. *https://www.unwomen.org/en/news/stories/2018/2/press-release-launch-of-sdg-monitoring-report-gender-equality-in-the-2030-agenda, https://www.unwomen.org/en/digital-library/sdg-report Агенда за одржлив развој 2030;*
14. *http://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2018.pdf, - Извештај за глобалниот родов јаз 2018.*

*Associate Professor Zoran Jovanovski, LL.D.*

Military academy General Mihailo Apostolski, Skopje
Republic of North Macedonia

*Elena Ivanova, LL.D.*

Republic of North Macedonia, Ministry of Defence

## GENDER EQUALITY – STEREOTYPED PHRASE OR A DEMOCRATIC RIGHT

*Summary*

Inequality between men and women has had a long tradition. Its pervasiveness throughout history made no contributions to the stability of any society. Women fought long battle for equality against formidable enemies such as patriarchy and tradition. In the middle of the last century the need to begin the battle for equality arose. This was achieved by means of international legal framework of the Organization of the United Nations for promotion of gender equality. A series of international acts in favour of women's cause have been adopted; women acquired right to equal opportunities, while being protected against traditional elements. Equality does not imply that woman and men are the same or that hey should be the same; it simply means that enjoying rights and having opportunities in life is not limited to nor does it depend on whether one was born as a boy or a girl. Indeed, the same opportunities for all will eventually lead to equality. It is worth noting here that gender equality implies dedication to equal society, where human rights are not conditioned by one's sex and gender. Only stable society is a good society which provides creative environment for all and brings progress, prosperity and future for all its members.

This paper presents achievements in both legislation and case law and regulatory changes which in time contributed to the strengthening of the principle of equality between men and women, and their appliction in the EU countries. Globally viewed however, the facts about this issue portray entirely different picture, since the stereotypes about cultural, religious and traditional values still persist. Hence the question: Is gender equality perceived as a clishe and a stereotyped phrase or is it trully a democratic right?

**Key words:** *Gender equality; Equality; International legal framework.*